# POLAND AFTER THE SECOND WORLD WAR

**Gorancho Jakimov**
DURDMOV Dimitar Vlahov-Skopje, Republic of Macedonia, jakimov.goranco@yahoo.com

**Abstract:** After the end of World War II, many changes will plunge in Europe. After the division of spheres of influence, Poland will fall into the sphere of influence of the USSR. After the end of the war in Poland, a government of national unity will be formed in which the Communists will participate. The village party will renew its activities while the Communists will firmly hold the police in their hands and will constantly hinder the work of this party, arrest and harass local leaders, and forbid their party meetings. The first post-election elections will be held in January 1947 to win the Democratic bloc that includes the Polish Workers Party, the Polish Socialist Party, the Peasant Party and the Democratic Party. In the beginning of 1948, the Communist Party will carry out mass cleansing, with many of its members being removed on charges that they are supporters of Yugoslavia in its disrespect for the USSR. In December 1948, the Socialists and Communists united the two parties and formed the Polish United Workers' Party dominated by prostituted-oriented Communists. Gomolka will be accused of assessing the role of the USSR and that she is walking along a nationalistic path. For that reason he will be removed and replaced by Boleslav Bierut. In 1956, Gomulka came to power in Poland and he and his supporters would declare the Polish path to socialism.
**Keywords:** Second World War, Communist Party, sphere of influence, nationalistic path

# ПОЛСКА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

**Горанчо Јакимов**
ДУРДМОВ Димитар Влахов-Скопје, Република Македонија, jakimov.goranco@yahoo.com

**Резиме:** По завршувањето на Втората светска војна ќе се скучат многу промени во Европа.По поделбата на сфери на влијание Полска ќе припадне во сферата влијание на СССР. По звршувањето на војната во Полска ќе биде формирана влада на национално единство во која ќе партиципираат и комунистите. Селската партија ќе ги обновува своите активности додека комунистите цврсто ќе ја држат во свои раце полицијта и постојано ќе ја попречуваат работата на оваа партија, ќе ги апсат и малтретираат локалните лидери и ќе ги забрануваат нивните партиски состаноци. Првите повоени избори ќе бидат одржани во јануари 1947 година на кои ќе победи Демократскиот блок во кој влегувале Полската работничка партија, Полската социјалистичка партија, Селската партија и Демократската партија. Во почетокот на 1948 година во Комунистичката партија ќе бидат извршени масовни чистки при што голем дел од нејзините членови ќе бидат отстранети под обвинение дека се подржувачи на Југославија во нејзиното непочитување на СССР. Во декември 1948 година Социјалистите и Комунистите ќе ги обединат двете партии и ќе ја формираат Полската обединета работничка партија во која ќе доминираат просталинистичките ориентирани комунисти. Гомулка ќе биде обвинет за поценување на улогата на СССР и дека чекори по националистички пат. Од таа причина ќе биде отстранет и ќе биде заменет со Болеслав Бјерут. Во 1956 година на власт во Полска ќе дојде Гомулка и тој и неговите приврзаници ќе го прогласат полскиот пат кон спцијализмот.
**Клучни зборови:** Втора светска војна, Комунистичка партија, сфера на влијание, националистички пат

## ВОВЕД

По звршувањето на Втората светска војна на 28 јуни 1945 година во Полска ќе биде формирана привремена влада на национално единство во која ќе партиципираат и комунистите. Водачот на моќната Селска партија, Миклајчиќ тогаш се наоѓал во Лондон и

кога ќе се врати во Полска ќе ги затекне комунистите на голем дел од клучните позиции во привремената влада. За претседател ќе биде избран Моравски а за заменик и министер за земјоделие ќе биде избран Миколајчик. Оваа влада ќе биде признаена од САД, Франција и Велика Британија.

Додека Селската парија ги обновувала своите активности, комунистите ја држеле во свои раце полицијата и постојано ја попречувале работата на оваа партија, ги апселе и малтретирале локалните лидери и ги забранувале нивните партиски состаноци.[190]

**ПОЛСКА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА**

Првите повоени избори во Полска ќе бидат одржани во јануари 1947 година на кои што ќе победи Демократскиот блок во кој влегувале Полската работничка партија, Полската соијалистичка партија. [191]

Во почетокот на септември 1948 година во Комунистичката партија ќе бидат извршени масовни чистки. Водачот на Селската партија Миклајчик откако ќе дознае дека се подготвува негово апсење тајно ќе ја напушти земјата. [192] Во декември 1948 година Социјалистите и Комунистите ќе ги обединат двете партии и ќе ја формираат Полската обединета работничка партија. На заседанието на Централниот комитет одржано во август и на конгресот во декември на кој ќе бидат обединети Комунистичката и Социјалистичката партија, Гомулка ќе биде обвинет за неговата идеја да се тргне по полски пат консоцијализмот. Гомулка ќе биде отстранет и ќе биде заменет со Болеслав Бјерут. [193] Подоцна ќе биде исклучен и од партијата и уапсен во 1951 година и во затвор ќе остане до 1954 година, но никогаш нема да му биде судено и нема да биде убиен. Во 1956 година при посета на Москва ненадејно ќе почине претседателот на владата и партиски секретар Бјерут кој што според своите убедувања несомнено бил човек на Москва. Советскиот Сојуз ќе инсистира за негов наследник да биде избран Очаб а за министер за обрана Константин Рокосовски. Поради овој притисок на Москва на улиците на Варшава и други градови во Полска ќе има масовни собирања и демонстрации. Во ваква критична ситуација Гомулка ќебиде прв спомнат како кандидат за највисоката партиска функција што ќе биде дочекано со огромно воодушевување. На 19 октомври 1956 година Гомулка ќе биде избран за Генерален секретар на партијата.[194]Советските лидери ќе бидатзагрижени за текот на настаните во Варшава и на денот на започнувањето на пленумот ненадејно во главниот град на Полска ќе пристигнат ненајавено Хрушчов, Молотов и други претставници од Москва и ќе упатат голем број на обвинувања помеѓу кои главно ќе биде обвинението на Полското Политбиро за антисоветска пропаганда. И покрај убедувањето од страна на Гомулка дека Полска ќе остане и понатаму верен член на комунистичкиот блок и дека ќе ја подржува советската надворешна и одбрамбена политика, делегацијата од Москва со негодување ќе му даде благослов на новото полско раководство. Меѓутоа аминувањето можеби и немаше да се случи ако не дојдеше до немири во Унгарија, затоа што ситуацијата во Варшава на Москва ќе и изгледа побезопасна во споредба сокризата во Унгарија која се повеќе ќе се влошува.

По доаѓањето на власт Гомулка и неговите приврзаници ќе го прогласат полскиот пат ко социјализмот. Но наместо либерализација Гомулка ќе направи се за да го стави политичкиот живот под своја контрола. Сојузот со СССР ќе биде оправдуван дека е политички неопходен поради географската положба на Полска и ќе биде поради големите територијални придобивки после војната, односно добивањето на територии кои што порано и припаѓале на Германија. Со промена на рамнотежата насилите во Европа повеќе од јасно ќе биде дека мора да биде прифатено советското влијание но иако главната агенда на новата полска идеологија ќе биде антигерманизам, во Полска исто толку силно ќе биде антируското расположение. Со тоа што ќе им направи отстапки на Советите, Гомулка ќе успее за Полска да добие поголема слобода од било која друга комунистичка земја од Источниот блок. Тој ќе успее да ги наговори советските лидери да ги отпишат полските долгови со што благодарение на тоа а и некои други преземени мерки, економската ситуација во земјата полека ќе почне да се подобрува. Нема да биде спроведувана насилна колективизација во земјоделството и ќе биде направен обид за изнаоѓање на заеднички дијалог со црквата која што во Полска ќе има многу силно влијание за разлика од другите земји во Источна Европа. За да можеда ги стави под контрола политичкиот живот воземјата Гомулка ќе ги укине сите претходно направени отстапки кон интелектуалците. Весниците кои што ќе одиграат клучна улога во борбата против сталинистите во октомври 1957 година ќе бидат укинати. Како знак на протест против повторното воспоставување на контрола врз културата водечките полски интелектуалци ќе ја напуштат Комунистичката партија.Со тоа очекувањата од октомврските очекувања полека ќе исчезнат.

[190] Volter Laker, Op. cit., 106.
[191] Margarita Pe{evska, Op. cit., 86.
[192] Ivan Berend, op. cit., 62.
[193] Ibid, 84 i 85.
[194] Margarita Pe{evska,Svetot vo tranzicija. Skopje: Menora, 2002, str. 86.

**ЗАКЛУЧОК**

Гомулка на Советите ќе им пружи потполна и верна подршка така да тие воопшто нема да имаат причина да се покајат за согласноста која што ќе ја дадат во 1956 година. Откако Гомулка ќе ги преземе во свои раце армијата и полицијата јавното мислење се повеќе ќе тоне во рамнодушност и повеќе нема да има простор за опозициско движење. Интелектуалците ќе се наоѓаат во опозиција во однос на власта но без подршка на народот тие ќе имаат многу мало влијание во јавноста. За десет години од октомври 1956 година режимот на Гомулка од најлиберален и најнапреден по источноевроспките стандарди, ќе се претвори во столб на правоверност внатре во комунистичкиот табор. Но економската состојба во Полска ќе биде во постојан пад и единствен спас ќе биде одржување на ниски цени на основните продукти но кога тоа веќе нема да биде изводливо положбата на владата ќе биде загозена.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

[1] Berend Ivan, Centralna i Istocna Evropa. Podgorica, 2001.
[2] Пешевска Маргарита, Светот во транзиција. Скопје:Менора, 2002.
[3] Лакер Волтер, Историја Европе 1945-1992. Београд: Клио, 1999.
[4] Натек Карел и Натек Маријета, Државите во светот. Љубљана: Младинска книга, 2000.